


ИЗДАНИЕ БР. 50,
МЕСЕЦ АВГУСТ 2023

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПОВЕЌЕ УЛИЦИ ВО СЕЛО ДОЛНА БОШАВА, ПО БАРАЊЕ НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023.
ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА ОД 500.000 ДЕНАРИ.
ИЗВЕДУВАЧ Е АС МАШИНИ.





НАБАВКА И ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА - КЛУПИ, НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ НИЗ ГРАДОТ.
ПОСТАВЕНИ СЕ ОКОЛУ 20, А ВО ПРЕТСТОЈНИОТ ПЕРИОД Е ПРЕДВИДЕНО ДА СЕ ПОСТАВАТ УШТЕ 80 КЛУПИ.
ИЗВЕДУВАЧ Е МЕТАЛ АПОСТОЛОВ.

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, СЛУЖБИ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ЈП КОМУНАЛЕЦ, МОЈ ОПШТИНАР И ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ, ОСТВАРИ СРЕДБА СО ЖИТЕЛИТЕ НА СЕЛАТА СОПОТ, МАРЕНА И ВОЗАРЦИ.
ТЕМА НА ОВИЕ СРЕДБИ БЕШЕ ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ИЗГРАДБАТА НА НОВИ СПОРТСКИ САЛИ КАКО И ДИНАМИКАТА И ИЗГРАДБАТА НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ, ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА.







СЕ РАБОТЕШЕ НА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА НА БУЛЕВАР МАКЕДОНИЈА, ВО ДОЛЖИНА ОД 68 МЕТРИ СО КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ Ф315.
ЦЕЛТТА НА ОВАА РЕКОНСТРУКЦИЈА БЕШЕ КОНЕЧНО РЕШАВАЊЕ НА ДОЛГОГОДИШНИОТ ПРОБЛЕМ НА СТАНАРИТЕ КОИ ЖИВЕАТ ВО ОВОЈ ДЕЛ ОД ГРАДОТ.
ИНВЕСТИЦИЈА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ, И САМОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ Е И ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПО ПРИЈАВА НА ГРАЃАНИ, А ВО ВРСКА СО ДЕФЕКТОТ КОЈ НАСТАНАЛ ВО СЕЛО СОПОТ ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД, ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ РАБОТЕШЕ НА САНИРАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИОНАТА ЛИНИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 35 МЕТРИ.







ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КОНТИНУИРАНО РАБОТИ НА НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ
СЛУЖБИ ОД СЕКТОРОТ ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ РАБОТЕА НА ПОСТАВУВАЊЕ НА КОМПЛЕТНО НОВО ПОДЗЕМНО ОСВЕТЛУВАЊЕ, СО ЧЕТИРИ НОВИ СВЕТИЛКИ.
КАНДЕЛАБРИТЕ СЕ ДОНАЦИЈА ОД КОМПАНИЈАТА КОЖУВЧАНКА.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕКОГАШ БЕЗРЕЗЕРВНО ПОМАГА ОНАМУ КАДЕ ШТО Е ПОТРЕБНО. ШЕСТ ПОЖАРНИКАРИ И ДВЕ ПРОТИВПОЖАРНИ ВОЗИЛА ОПРЕМЕНИ СО ПОТРЕБНАТА ОПРЕМА СЕ УПАТИЈА КОН ОПШТИНА БОГДАНЦИ. ПОЖАРНИКАРИТЕ НА ТППЕ КАВАДАРЦИ ИНТЕРВЕНИРАА ВО ПОЖАРОТ КОЈ ИЗБИЛ БЛИЗУ ВЕТЕРНИЦИТЕ.



ЗАПОЧНА ПОСТАВУВАЊЕТО НА МЕТАЛНИ СТОЛБОВИ ЗА МОНТИРАЊЕ НА ЗАШТИТНАТА ЕЛАСТИЧНА ОГРАДА. ОВОЈ ПРОЕКТ Е ВО СОРАБОТКА СО ЈПДП, ОДНОСНО ОГРАДАТА КОЈА Е СО ВКУПНА ДОЛЖИНА ОД 6000МЕТРИ Е ОБЕЗБЕДЕНА КАКО ДОНАЦИЈА ОД НИВ, А ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ИМА ОБВРСКА ИСТАТА ДА ЈА МОНТИРА.



ВО ПРВА ФАЗА СЕ ЗАПОЧНА СО ЛОКАЛНИОТ ПАТ ОД СЕЛО БЕГНИШТЕ КОН СЕЛО РЕСАВА НА 14 ЛОКАЦИИ СО ВКУПНА ДОЛЖИНА ОД ОКОЛУ 280 М, СЕ СО ЦЕЛ ЗГОЛЕМЕНА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ, А ВО ВТОРА ФАЗА ЌЕ СЕ ПОСТАВУВА ЕЛАСТИЧНА ОГРАДА НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА КОН СЕЛАТА СОПОТ, ДРЕНОВО, ДАБНИШТЕ, ФАРИШ, ШИВЕЦ, БОХУЛА, СТРАГОВО, ЧЕМЕРСКО, РОЖДЕН,БОЈАНЧИШТЕ, КРЊЕВО, БОШАВА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА КЕДИНГ ОД СКОПЈЕ И ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ВО ДЕЛОТ НА КАСТРЕЊЕ И КОСЕЊЕ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ





АСФАЛТИРАНА Е УЛИЦА СЛОГА НА ПОВРШИНА ОД 1900М2, КОЈА Е ВО РАМКИ НА "ПРОЕКТОТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА".
СРЕДСТВА ОД ВЛАДАТА НА МАКЕДОНИЈА ПРЕКУ ЗАЕМОТ НА СВЕТСКА БАНКА, ВО ИЗНОС ОД 1.112.010 ЕВРА КОЈ СЕ РЕАЛИЗИРА ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ, А СО ЦЕЛ ПОДОБРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ СЕ ОСД СКОПЈЕ И ГРАДБА ПРОМЕТ.

КОМПЛЕТНО АСФАЛТИРАНА Е УЛИЦА „ВЕЉКО ВЛАХОВИЌ" НА ПОВРШИНА ОД 2710М2, КОЈА Е ВО РАМКИ НА "ПРОЕКТОТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА".
СРЕДСТВА ОД ВЛАДАТА НА МАКЕДОНИЈА ПРЕКУ ЗАЕМОТ НА СВЕТСКА БАНКА, ВО ИЗНОС ОД 1.112.010 ЕВРА КОЈ СЕ РЕАЛИЗИРА ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ, А СО ЦЕЛ ПОДОБРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ СЕ ОСД СКОПЈЕ И ГРАДБА ПРОМЕТ.



ПРОДОЛЖУВА ПОСТАВУВАЊЕТО НА МЕТАЛНИ СТОЛБОВИ ЗА МОНТИРАЊЕ НА ЗАШТИТНА ЕЛАСТИЧНА ОГРАДА, НА ПАТОТ ОД СЕЛО РЕСАВА КОН КАВАДАРЦИ, СЕ СО ЦЕЛ ЗГОЛЕМЕНА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ.
ОВОЈ ПРОЕКТ Е ВО СОРАБОТКА СО ЈПДП, ОДНОСНО ОГРАДАТА КОЈА Е СО ВКУПНА ДОЛЖИНА ОД 6000МЕТРИ Е ОБЕЗБЕДЕНА КАКО ДОНАЦИЈА ОД НИВ, А ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ИМА ОБВРСКА ИСТАТА ДА ЈА МОНТИРА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА КЕДИНГ ОД СКОПЈЕ И ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ВО ДЕЛОТ НА КАСТРЕЊЕ И КОСЕЊЕ.





ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ТРОТОАР НА УЛ. ИЛЧО ДИМОВ, СО ШТО СЛЕДУВА И ПРОШИРУВАЊЕ НА САМАТА УЛИЦА.
ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЦЕЛОСНО АСФАЛТИРАНА Е УЛ. ДОМОВИЦА, НА ПОВРШИНА ОД 3000М2, ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ ПРОБИЕНА, РЕКОНСТРУИРАНА И НА ИСТАТА БЕШЕ ПОСТАВЕНА ФЕКАЛНА, АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА, КАКО И ВОДОВОДНА МРЕЖА.
ИЗВЕДУВАЧ Е ВЕ ГРУПА, РАДОВИШ.







ЗАПОЧНА ПОПЛОЧУВАЊЕТО НА УЛ. ФУШТАНИ ВО ДОЛЖИНА ОД 145МЕТРИ.
ИЗВЕДУВАЧ Е АС МАШИНИ




ПРЕД И ПОТОА!
ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ТРОТОАР НА УЛ. ИЛЧО ДИМОВ, СО ШТО СЛЕДУВАШЕ И ПРОШИРУВАЊЕ НА САМАТА УЛИЦА.
ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.

УШТЕ ЕДЕН БЛАГОРОДЕН И ХУМАН ЧИН НА НАШИТЕ ПОЖАРНИКАРИ!
ПО ПРИЈАВА ОД ГРАЃАНИ, ДЕНЕС ПОЖАРНИКАРИТЕ ОД ТППЕ КАВАДАРЦИ СПАСИЈА КУЧЕНЦЕ КОЕ ОД ПОКРИВОТ НА ЕДНА ЗГРАДА НА УЛ. БЛАЖО АЛЕКСОВ БР.1, ПАДНАЛО НА ПОКРИВОТ НА ДРУГА ЗГРАДА.
СЕКОЈА ЧЕСТ ПОЖАРНИКАРИ НАШИ



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗАПОЧНА ПОСТАВУВАЊЕТО НА НОВИ ТОАЛЕТНИ КАБИНИ НА УШТЕ 5 ЛОКАЦИИ И ТОА:

1. ДО СПОРТСКА САЛА ПАРТИЗАН
2. СПОРТСКИ ЦЕНТАР ЈАСМИН (КОШЕВИТЕ)
3. УЛ. НАЦА ПИНЏУРОВА
4. ЛОКАЛИТЕТ 12 ВАТАШКИ ДРУГАРИ
5. СЕЛО БРУШАНИ, ВО ДВОРОТ НА ЦРКВАТА

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА МЕТАЛ АПОСТОЛОВ КАВАДАРЦИ.





ПРОДОЛЖУВА ПОСТАВУВАЊЕТО НА МЕТАЛНИ СТОЛБОВИ ЗА МОНТИРАЊЕ НА ЗАШТИТНА ЕЛАСТИЧНА ОГРАДА, НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ КОН С.СТРАГОВО И С.КРЊЕВО, СЕ СО ЦЕЛ ЗГОЛЕМЕНА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ.
ОВОЈ ПРОЕКТ Е ВО СОРАБОТКА СО ЈПДП, ОДНОСНО ОГРАДАТА КОЈА Е СО ВКУПНА ДОЛЖИНА ОД 6000МЕТРИ Е ОБЕЗБЕДЕНА КАКО ДОНАЦИЈА ОД НИВ, А ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ИМА ОБВРСКА ИСТАТА ДА ЈА МОНТИРА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА КЕДИНГ ОД СКОПЈЕ И ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ВО ДЕЛОТ НА КАСТРЕЊЕ И КОСЕЊЕ.

СЕ ИЗВРШИ ЦЕЛОСНО ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ХОРИЗОНТАЛНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА УЛ.ДОМОВИЦА, ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ ПРОБИЕНА, РЕКОНСТРУИРАНА И НА ИСТАТА БЕШЕ ПОСТАВЕНА ФЕКАЛНА, АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА, КАКО И ВОДОВОДНА МРЕЖА А ПОТОА И ЦЕЛОСНО АСФАЛТИРАНА НА ПОВРШИНА ОД 3000 МЕТРИ КВАДРАТНИ.







ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е ПОПЛОЧУВАЊЕТО НА УЛ. ФУШТАНИ ВО ДОЛЖИНА ОД 145МЕТРИ.
ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ ДООЕЛ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ИЗВРШЕНО Е ХОРИЗОНТАЛНО ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПАРКИНГ МЕСТАТА НА БУЛЕВАР МОША ПИЈАДЕ ОД СПОЈОТ СО КРУЖЕН ТЕК ДО СПОЈОТ СО О.О.У „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ОД ДВЕТЕ СТРАНИ.





П КОМУНАЛЕЦ ПРОДОЛЖИ СО САНИРАЊЕ, ОДНОСНО АСФАЛТИРАЊЕ НА ПРОКОПИ НАПРАВЕНИ ПРИ ОТСТРАНУВАЊЕ НА ДЕФЕКТИ НА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА ЛИНИЈА НА УЛИЦИТЕ: ЦАНО ПОП РИСТОВ, ЃОРЕ БРУШАНСКИ И ПРЕД НОВИОТ ОБЈЕКТ НА ЦРВЕН КРСТ.

СЕ ВРШЕШЕ РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛ.БОРИС КИДРИЌ ВО ДОЛЖИНА ОД 230 МЕТРИ СО КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ Ф315, КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА ЗА 2023 ГОДИНА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.





СЕ ВРШЕШЕ АСФАЛТИРАЊЕТО НА БУЛЕВАР МАКЕДОНИЈА, КОМПЛЕТНО ОД ДВЕТЕ СТРАНИ, ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ РЕКОНСТРУИРАНА АТМОСФЕРСКАТА И ДЕЛ ОД ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 460 МЕТРИ СО КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ Ф1200.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ЖИКОЛ, А НОСИТЕЛ НА ПРОЕКТОТ Е ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПРОДОЛЖУВА САНАЦИЈАТА НА ПОЛСКИ ПАТИШТА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
СЕ РАБОТЕШЕ НА САНИРАЊЕ НА ПОЛСКИТЕ ПАТИШТА КОИ ВОДАТ ДО ЛОЗОВИТЕ НАСАДИ ВО АТАРОТ НА СЕЛАТА РЕСАВА И ДАБНИШТЕ.





СЕ ПРОДОЛЖУВА СО ПРИКЛУЧОЦИ ЗА ГЛАВНАТА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА ВО НАСЕЛБА БРУШАНИ КОЈА ТАВ ЈА РЕАЛИЗИРАШЕ КАКО ГРАНТ ЗА ОПШТИНАТА, И ДЕЛ ОД НЕА ВО ИЗНОС ОД 5.000.000 ДЕНАРИ КАКО ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

ПРОДОЛЖИ РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛ.БОРИС КИДРИЌ ВО ДОЛЖИНА ОД 230 МЕТРИ СО КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ Ф315, КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА ЗА 2023 ГОДИНА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.





ВО ТЕК Е КРПЕЊЕ НА УДАРНИ ДУПКИ ВО С.МАРЕНА СО ПОВРШИНА ОД ОКОЛУ 100 МЕТРИ КВАДРАТНИ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗАВРШИ ТРЕТАТА ПО РЕД БЕСПЛАТНА ШКОЛА ЗА ПЛИВАЊЕ!
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО СОЈУЗ НА СПОРТОВИ И ОПШТИНСКИ СОЈУЗ НА УЧИЛИШЕН СПОРТ И ОВАА ГОДИНА, ТРЕТА ПО РЕД ОРГАНИЗИРАШЕ БЕСПЛАТНА ШКОЛА ЗА ПЛИВАЊЕ ЗА ДЕЦА НА ВОЗРАСТ ОД 7 ДО 10 ГОДИНИ. ШКОЛАТА ТРАЕШЕ ДВА МЕСЕЦИ, БЕШЕ УСПЕШНО СПРОВЕДЕНА И ДОСТА ПОСЕТЕНА ОД СТРАНА НА СИТЕ КОИ БЕА ЗАИНТЕРЕСИРАНИ, А СИТЕ ДЕЦА НАУЧИЈА ДА ПЛИВААТ И СЕ ЗАПОЗНАА СО ОСНОВИТЕ НА ПЛИВАЊЕТО.



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС МАРКО КОЛЕВ ,И ДИРЕКТОРОТ НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН, САШО МОШЕВ, БЕАЕ НА УВИД ВО ИЗГРАДБАТА НА РЕГИОНАЛНИОТ СТАЦИОНАР ЗА БЕЗДОМНИ КУЧИЊА, КАДЕ ИНТЕНЗИВНО СЕ РАБОТИ И СЕ ОЧЕКУВА ДА БИДЕ СТАВЕН ВО ФУНКЦИЈА ВО МЕСЕЦ ОКТОМВРИ.
РЕГИОНАЛЕНИОТ ЦЕНТАР ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА БЕЗДОМНИ МИЛЕНИЦИ Е СО ЛОКАЦИЈА ВО НАСЕЛБА ГЛИШИЌ НА ПОВРШИНА ОД 5470 М2. ОВОЈ ЦЕНТАР ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА БЕЗДОМНИ МИЛЕНИЦИ И ВЕТЕРИНАРНО ЗДРАВСТВО ВО ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН“ СЕ ОДНЕСУВА НА ХУМАН ТРЕТМАН НА ЖИВОТНИТЕ СО ДИРЕКТНО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЗДРАВЈЕТО И БЕЗБЕДНОСТА НА ЛУЃЕТО.





ПОЖАРНИКАРИТЕ ОД ТППЕ КАВАДАРЦИ, РАБОТЕА НА ИСПРАВУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНИТЕ ЗНАЦИ И ПОСТАВУВАЊЕ НА ЗАШТИТНА ЕЛАСТИЧНА ОГРАДА.








ПОПЛОЧУВАЊЕТО НА ПОВЕЌЕ УЛИЦИ НИЗ СЕЛО КОНОПИШТЕ НА ПОВРШИНА ОД 800М2, ПО ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023ГОДИНА!

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



ЧИСТЕЊЕ НА ЛОКАЦИЈАТА НА ПОРАНЕШНА ЛАЛУНА. СЕ РАБОТЕШЕ СО ЕДЕН СКИП И ЕДЕН КАМИОН НА ЈП КОМУНАЛЕЦ И ЕДЕН КАМИОН ДОНАЦИЈА ОД ФИРМАТА ЈА МИ.
ИСЧИСТЕНИ СЕ ОКОЛУ 100М$^3$ ШУТ. ВО НАРЕДНА ФАЗА СЕ ЧЕКА ВЛАДАТА НА Р.МАКЕДОНИЈА И АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ НА 29.08. ДА ГО ВОВЕДАТ ВО РАБОТА ИЗВЕДУВАЧОТ ЗА ИЗГРАДБА НА ЗАТВОРЕН БАЗЕН.

ВО ТЕК Е ПОСТАВУВАЊЕ НА МЕКА ПОДЛОГА НА ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО ПАРКОТ НА РЕВОЛУЦИЈАТА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.



СЕ ПОСТАВУВАШЕ ВЕРТИКАЛНА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ: НОВИОТ КРУЖЕН ТЕК НА БУЛЕВАР МАКЕДОНИЈА, УЛ БЛАЖО АЛЕКСОВ И УЛ.ЃОРЃИСОКОЛОВ, А И КОМПЛЕТНО СЕ ОБЕЛЕЖУВА ВЕРТИКАЛНАТА И ХОРИЗОНТАЛНАТА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА УЛ. СЛОГА.







АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ. ЛИЧКА НА ПОВРШИНА ОД 500М2, ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ ПОСТАВЕНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА СО КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ Ф400 СО ДОЛЖИНА ОД 230 МЕТРИ.
ИНВЕСТИТОР НА ПРОЕКТОТ Е Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ МРЕЖИЧКО - МАЈДЕН ВО ДОЛЖИНА ОД 2 КМ. ПРОЕКТОТ СЕ РЕАЛИЗИРА ПРЕКУ АГЕНЦИЈА ЗА ПАТИШТА.



ПРОБИВАЊЕ КРАК НА УЛ. ДОМОВИЦА, СО ДОЛЖИНА ОД 250М И ПОВРШИНА ОД 1400М2. ВО СЛЕДНА ФАЗА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ТАМПОНИРАЊЕ И ПОСТАВУВАЊЕ БЕТОНСКИ РАБНИЦИ. ПРОЕКТОТ Е СО ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА ОД 1 700 000 ДЕНАРИ А ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.







СЕЛО ВОЗАРЦИ ДОБИВА ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ!
НА 150 М2 ОТКАКО БЕШЕ БЕТОНИРАНО, СЕ ПОСТАВУВАШЕ ГУМЕНА ПОДЛОГА, ПО ШТО СЛЕДУВААТ НОВИ И РЕПАРИРАНИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ, И СЕКАКО ОГРАДУВАЊЕ И ОЗЕЛЕНУВАЊЕ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ ДООЕЛ.

СЕ ФИНАЛИЗИРААТ ГРАДЕЖНИТЕ АКТИВНОСТИ НА ПРЕМИНОТ НА ФЕКАЛНИОТ КОЛЕКТОР ПРЕКУ РЕКАТА ЛУДА МАРА, НА МОСТОТ КАЈ СЕВЕРЕН БУЛЕВАР.
ВО ТЕК Е ВРАЌАЊЕ НА РЕЧНОТО КОРИТО ВО ПРВОБИТНАТА СОСТОЈБА И СЕ ПРОДОЛЖУВА СО ПОСТАВУВАЊЕ НА ЦЕВКИТЕ ОД ЕДНАТА СТРАНА. СО ТОА КОЛЕКТОРСКИОТ СИСТЕМ ЌЕ БИДЕ СТАБИЛИЗИРАН И ИСТИОТ ЌЕ СЕ ВРАТЕ ВО КОМПЛЕТНА ФУНКЦИЈА.
ИЗВЕДУВАЧ И ИНВЕСТИТОР НА РАБОТИТЕ Е Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



БУЛЕВАРИТЕ МАКЕДОНИЈА, МОША ПИЈАДЕ И НИКОЛА МИНЧЕВ СЕ КОМПЛЕТНО ЗАВРШЕНИ КАКО ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ НА КФВ БАНКА, ВО СОРАБОТКА СО ЈП КОМУНАЛЕЦ И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ИСТИТЕ СЕ ЦЕЛОСНО АСФАЛТИРАНИ, ОТКАКО ПРЕТХОДНО СЕ РЕКОНСТРУИРАШЕ АТМОСФЕРСКАТА КАНАЛИЗАЦИЈА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ЖИКОЛ.

ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ИМАШЕ СРЕДБА СО ДЕЛ ОД УЧЕСНИЦИТЕ НА „ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ МУЗИЧКИ КАМП" МИХАЈЛОВО 2023 ГОДИНА, КОЈ СЕ ОДРЖУВА СЕКОЈА ГОДИНА ВО МИХАЈЛОВО, ПРЕДВОДЕН ОД ПРОФЕСОРОТ СТРАШО ТЕМКОВ И УШТЕ НЕКОЛКУМИНА ПРОФЕСОРИ ОД МАКЕДОНИЈА.
НА КАМПОТ ПРИСУСТВУВААТ УЧЕСНИЦИ ОД ЦЕЛА МАКЕДОНИЈА И СРБИЈА КАДЕ МУЗИЦИРААТ, РАЗМЕНУВААТ ИСКУСТВА И ИМААТ ПРЕДАВАЊА ОД РЕНОМИРАНИ ПРОФЕСОРИ ПО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ.
ВО ОВАА ПРИЛИКА ОД НИВНА СТРАНА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МУ БЕШЕ ДОДЕЛЕНА И УМЕТНИЧКА СЛИКА КАКО ЗНАК НА БЛАГОДАРНОСТ.



АСФАЛТИРАЊЕ ВО СЕЛО МАРЕНА, ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ ПОСТАВЕНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА, ОДНОСНО БЕА ПОСТАВЕНИ БЕТОНСКИ ЦЕВКИ Ф600 И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА Ф300 ВО ДОЛЖИНА ОД 450 МЕТРИ.
ПРОЕКТОТ СЕ РЕАЛИЗИРА ПРЕКУ ГРАНТ ОД КФВ БАНКА, ВО СОРАБОТКА СО ЈП КОМУНАЛЕЦ И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ!





БУЛЕВАР МАКЕДОНИЈА
ЦЕЛОСНО АСФАЛТИРАЊЕ НА БУЛЕВАРОТ ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ ПОСТАВЕНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА. ОВА Е ВО СКЛОП НА ВТОРАТА ДЕЛНИЦА ОД КФВ БАНКА, ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ЖИКОЛ.
ВО МЕЃУВРЕМЕ ПОСТОЕЧКИОТ ТРИАГОЛНИК КАЈ ЗГРАДИТЕ БЕЛКА ПРЕМИНА ВО КРУЖЕН ТЕК ШТО ЗНАЧИ ДЕКА УШТЕ ЕДЕН СООБРАЌАЕН ПРОБЛЕМ ВО КАВАДАРЦИ Е РЕШЕН, И ЦЕЛИОТ ТОЈ ДЕЛ ДОБИ НОВ ЛИК.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПАРКИНГ МЕСТА И ПЕШАЧКИ ПРЕМИНИ НА БУЛЕВАР МАКЕДОНИЈА, ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ РЕКОНСТРУИРАНА АТМОСФЕРСКАТА КАНАЛИЗАЦИЈА И СЕ ИЗВРШИ ЦЕЛОСНО АСФАЛТИРАЊЕ.



ПУШТЕНИ ВО ФУНКЦИЈА НОВИТЕ 5 ТОАЛЕТНИ КАБИНИ И ПРЕДАДЕНИ НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ЗА ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ
ЛОКАЦИИ НА ИСТИТЕ:

1. ДО СПОРТСКА САЛА ПАРТИЗАН
2. СПОРТСКИ ЦЕНТАР ЈАСМИН (КОШЕВИТЕ)
3. УЛ. НАЦА ПИНЏУРОВА
4. ЛОКАЛИТЕТ 12 ВАТАШКИ ДРУГАРИ
5. СЕЛО БРУШАНИ, ВО ДВОРОТ НА ЦРКВАТА

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА МЕТАЛ АПОСТОЛОВ КАВАДАРЦИ




ЗАВРШЕН Е ПРОЕКТОТ ВО СЕЛО МАРЕНА
КОМПЛЕТНО АСФАЛТИРАЊЕ ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ ПОСТАВЕНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА, ОДНОСНО БЕА ПОСТАВЕНИ БЕТОНСКИ ЦЕВКИ Ф600 И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА Ф300 ВО ДОЛЖИНА ОД 450 МЕТРИ.
ПРОЕКТОТ СЕ РЕАЛИЗИРАШЕ ПРЕКУ ГРАНТ ОД КФВ БАНКА, ВО СОРАБОТКА СО ЈП КОМУНАЛЕЦ И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ!





ГИ ПРАЗНУВАМЕ НАЈСВЕТЛИТЕ ДАТУМИ ВО МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИЈА, ИЛИНДЕН 1903 И АСНОМ 1944. ДАТУМИ КОИ ПРЕТСТАВУВААТ ИСТОРИСКИ ТЕМЕЛНИК НА МАКЕДОНСКАТА САМОБИТНОСТ И НЕПОКОР. ДАТУМИ КОГА Е ЗАПАЛЕНА И РАЗГОРЕНА ИСКРАТА НА СЛОБОДАТА И НЕЗАВИСНОСТА И КОИ ИМААТ ПОСЕБНО ИСТОРИСКО И ДУХОВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА СЕКОЈ МАКЕДОНЕЦ. НА ИЛИНДЕН ГИ СЛАВИМЕ ИДЕАЛИТЕ, ПОСВЕТЕНОСТА И ЖРТВАТА НА ГЕНЕРАЦИИ МАКЕДОНЦИ, ПРЕТОЧЕНИ ВО БОРБАТА И СТРЕМЕЖОТ ЗА СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА. НА СИТЕ ЗНАЈНИ И НЕЗНАЈНИ ХЕРОИ, КОИ СО СВОЈАТА КРВ ГИ ИСПИШАА НАЈСЛАВНИТЕ СТРАНИЦИ ОД ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД.



ПРЕД НАС Е НОВА И ПОСТОЈАНА БОРБА! БОРБА ЗА НАПРЕДНА, СОВРЕМЕНА И ПРЕД СЕ ДОСТОИНСТВЕНА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА.
ЧЕСТИТ ИЛИНДЕН! ДА Е ВЕЧНА НАШАТА ТАТКОВИНА МАКЕДОНИЈА!

ВО РАМКИ НА ТРИГОДИШНИОТ ПРОЕКТ 'YOUTH SPEACES. URBAN SPACES FOR ACTIVE SOCIAL PARTICIPATION AND DIALOGUE' (УРБАН ПРОСТОР ЗА АКТИВНО СОЦИЈАЛНО УЧЕСТВО И ДИЈАЛОГ) ОД ЕРАЗМУС+ ПРОГРАМАТА, СППМД ОРГАНИЗИРА МЛАДИНСКА РАЗМЕНА ОД 30 ЈУЛИ ДО 8 АВГУСТ ВО КАВАДАРЦИ СО УЧЕСТВО НА 25 МЛАДИ ОД ПОРТУГАЛИЈА, ФРАНЦИЈА, ИТАЛИЈА И МАКЕДОНИЈА, НА ВОЗРАСТ ОД 13 ДО 17 ГОДИНИ. ПОСЛЕ 5-ДНЕВНА РАБОТА ВО ОДМАРАЛИШТЕТО МИХАЈЛОВО, ГРУПАТА ПРОДОЛЖИ СО РАБОТА ВО КАВАДАРЦИ, СО РАЗЛИЧНИ АКТИВНОСТИ И ПОСЕТИ НА БИТНИ ЗНАМЕНИТОСТИ. ВО ТЕКОТ НА ДЕНЕШНИОТ ДЕН УЧЕСНИЦИТЕ ЈА ПОСЕТИЈА И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, КАДЕ ШТО ИМАА СРЕДБА СО СЕКРЕТАРОТ ТОДОР ЕФРЕМОВ, СО КОЈ РАЗМЕНИЈА МИСЛЕЊА ОКОЛУ РАЗМЕНАТА НА УЧЕНИЦИ И ЧЕСТИТЕ ПОСЕТИ КОИ ГИ ИМАМЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА ПРЕКУ ЕРАЗМУС ПЛУС ПРОГРАМАТА И МЕЃУДРУГОТО ТОЈ МУ ДАДЕ ИНФОРМАЦИИ ОКОЛУ РАБОТАТА И ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ОПШТИНАТА.





ПО БАРАЊЕ НА АМБАСАДАТА НА Р. УКРАИНА ДО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗА ПОМОШ НА ЖИТЕЛИТЕ НА УКРАИНА, ДЕНЕС КОМПАНИЈАТА КОЖУВЧАНКА ИСПРАЌА КАМИОНИ СО 21.000 ЛИТРИ ВОДА КАКО ВТОР ДЕЛ ОД ДОНАЦИЈАТА.



# КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО

КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2023.
ПРОДОЛЖИ ПРОГРАМАТА ЗА КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2023!
ДЕЧИЊАТА УЖИВАА ВО ПАНТОМИМИ СО МИМИ И САЛЕ





ПРОЕКЦИЈА НА ДЕТСКИОТ ФИЛМ „КАРИРАН НИНЏА" НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД




МАКЕДОНСКАТА ОДБОЈКАРСКА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА БЕШЕ ВО ПОСЕТА НА СПОМЕН КУЌАТА НА НАРОДНИОТ ХЕРОЈ СТРАШО ПИНЏУР ВО ВАТАША И МЕМОРИЈАЛНИОТ СПОМЕНИК НА 12 -ТЕ ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ ВО МОКЛИШТЕ. ТИЕ ЈА РАЗГЛЕДАА ПОСТОЈАНАТА ИСТОРИСКА ПОСТАВКА И СЕ ЗАПОЗНАА СО ЖИВОТНИОТ ПАТ И РЕВОЛУЦИОНЕРНОТО ДЕЛО НА СТРАШО ПИНЏУР. ИСТО ТАКА ТИЕ ЈА ПОСЕТИЈА И СПОМЕН СОБАТА НА 12-ТЕ ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ ВО МОКЛИШТЕ И ПО ИСТОРИСКИОТ ЧАС ОДРЖАН ОД КУСТОСИТЕ НАТКА КИТЕВА И МАРИЈА МИХОВА, ПОЛОЖИЈА СВЕЖО ЦВЕЌЕ НА СПОМЕНИКОТ.






ВЕЧЕРНО ЛИТЕРАТУРНО ЧИТАЊЕ НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД ВО РАМКИ НА КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2023, А ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ГРАДСКА БИБЛИОТЕКА ФЕТКИН ВО СОРАБОТКА СО БИБЛИОТЕКА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ВЕЛЕС И БИБЛИОТЕКА 25 МАЈ ОД ВАЛАНДОВО.

ДЕТСКИ ИГРИ БЕЗ ГРАНИЦИ, МНОГУ НАСМЕВКИ И УБАВИ ЛИЦА НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД!




# КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО

СПОРТСКИ ИГРИ И ДРУЖБА СО РАКОМЕТАРИТЕ ОД ГРК ТИКВЕШ 2014 И ФУДБАЛЕРИТЕ ОД ГФК ТИКВЕШ 1930 КАВАДАРЦИ/FC TIKVES 1930 KAVADARCI НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД!



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА СПОРТСКИТЕ ДРУЖБИ НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД, БЕШЕ НА ПИВО ДРУЖБА СО КАПИТЕНОТ НА ГФК ТИКВЕШ АЛЕКСАНДАР ВАРЕЛОВСКИ И КАПИТЕНОТ НА ГРК ТИКВЕШ СТРАХИЊА СИМИЌ КАКО И ДЕЛ ОД РАКОВОДНИТЕ ТЕЛА НА КЛУБОВИТЕ.



КАВАДАРЦИ ГО ИМА ШАМПИОНСКИОТ ДУХ А ТАКА И ЌЕ ПРОДОЛЖИМЕ. ОВАА СЕЗОНА ВЛЕГУВАМЕ ВО ЕВРОПА СО РАКОМЕТАРИТЕ А СО ФУДБАЛЕРИТЕ ОДИМЕ КОН ГОЛЕМИ УСПЕСИ.

ИМ ПОРАЧУВАМЕ НА РАКОМЕТНАТА И ФУДБАЛСКАТА ЕЛИТА ДЕКА ПРЕД СЕ ЌЕ ГЛЕДААТ КВАЛИТЕТНИ НАТПРЕВАРИ ОД КОИ СМЕ СИГУРНИ ДЕКА ЌЕ ИЗЛЕЗЕМЕ КАКО ПОБЕДНИЦИ.

ЗА УБАВО КАВАДАРЦИ!

ЗА СПОРТСКО И ПОБЕДНИЧКО КАВАДАРЦИ!

НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД, ФОЛКЛОРНА РАБОТИЛНИЦА СО УЧЕНИЦИТЕ ОД ПАРАЛЕЛКАТА ЗА ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ ПРИ О.О.У „СТРАШО ПИНЏУР" КАВАДАРЦИ!

СЕКОЈА НАСМЕВКА Е ВАЖНА!



ЗАВРШИ КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2023!

СКОРО ДВА МЕСЕЦИ СЕКОЈДНЕВНО СЕ ДРУЖЕВМЕ ПРЕКУ СИТЕ НАСТАНИ ВО СКЛОП НА ОВА КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО.

ВИ БЛАГОДАРИМЕ ШТО БЕВТЕ СО НАС. ЧЕСТА БЕШЕ НАША СЕКОЈДНЕВНО ДА ГЛЕДАМЕ НАСМЕАНИ ЛИЦА, ОСОБЕНО РАДОСТА НА НАЈМАЛИТЕ, НАШИТЕ ДЕЧИЊА.

ИМ БЛАГОДАРИМЕ И НА СИТЕ ПРИЈАТЕЛИ ОД БИЗНИС СЕКТОРОТ КОИ ПОМОГНАА ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА НЕКОИ НАСТАНИ.

ВИ ВЕТУВАМЕ ДЕКА НАРЕДНАТА ГОДИНА ПРОГРАМАТА ЌЕ БИДЕ УШТЕ ПОБОГАТА.

ЗА УБАВО КАВАДАРЦИ!





ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ПРВПАТ ИМАШЕ РАБОТНА СРЕДБА СО АМБАСАДОРКАТА НА РЕПУБЛИКА СОЈУЗНА ГЕРМАНИЈА ВО МАКЕДОНИЈА, Н.Е ПЕТРА ДРЕКСЛЕР, КАКО И ПРЕТСТАВНИЦИ ОД АМБАСАДАТА



НА СРЕДБАТА СЕ РАЗГОВАРАШЕ НА ПОВЕЌЕ ТЕМИ, КАКО МОЖНОСТА ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ЛОКАЛНОТО СТОПАНСТВО, ЛОКАЛНАТА ПОЛИТИКА, ПРОЕКТИТЕ КОИ СЕ ВО ТЕК, ИДНИТЕ И МОЖНАТА СОРАБОТКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОВИЕ ПРОЕКТИ ПРЕКУ ГЕРМАНСКАТА АМБАСАДА.
МЕЃУДРУГОТО СЕ РАЗГОВАРАШЕ И ЗА АКТУЕЛНИТЕ ПРОЕКТИ КОИ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ОДНОСНО ГРАНТОТ ПРЕКУ ГЕРМАНСКАТА КФВ БАНКА КАКО И ПРОГРАМАТА ЗА ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА КОИ МОМЕНТАЛНО СЕ РЕАЛИЗИРААТ СО ПОМОШ НА ИСТАТА ПРЕКУ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА.

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ИМАШЕ РАБОТЕН СОСТАНОК И СО МИНИСТЕРКАТА ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ЈОВАНКА ТРЕНЧЕВСКА, НА КОЈ ДАДОА АКЦЕНТ НА ИДНИТЕ ДВА КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ КОИ СЕ ПЛАНИРАНИ ДА СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И КОИ ЌЕ БИДАТ ОД ОГРОМНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА СИТЕ ГРАЃАНИ. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСНА ИЛИ МЕНТАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ, А ВО МЕЃУВРЕМЕ СЕ ИЗГОТВУВА И ПРОЕКТОТ ЗА ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА.
НА СОСТАНОКОТ ПРИСУСТВУВАШЕ И ДИРЕКТОРКАТА НА ЈОУ ДГ „РАДА ПОЦЕВА" КАВАДАРЦИ ЦАНКА ДОБРИНОВА, КОЈА ВО ОВАА ПРИГОДА И ВРАЧИ ПЛАКЕТА НА МИНИСТЕРКАТА ПО ПОВОД ЈУБИЛЕЈОТ ОД 60 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ НА РАДА ПОЦЕВА, ЗА ДОСЕГАШНАТА И ИДНА СОРАБОТКА СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА.





31 СЕДНИЦА НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. КАВАДАРЕЧКИОТ СОВЕТ ГИ УТВРДИ ГОДИНАШНИТЕ ДОБИТНИЦИ НА НАГРАДАТА „7-МИ СЕПТЕМВРИ"
ПО ПОВОД ДЕНОТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА КАВАДАРЦИ, 7 - МИ СЕПТЕМВРИ И ОВАА ГОДИНА ЌЕ БИДЕ ДОДЕЛЕНА НАЈВИСОКАТА ОПШТИНСКА НАГРАДА. НА ДЕНЕШНАТА 31 СЕДНИЦА СОВЕТОТ ЈА ПОТВРДИ ОДЛУКАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ.
ГОДИНАВА НАГРАДАТА 7 МИ СЕПТЕМВРИ НА СВЕЧЕНАТА СЕДНИЦА НА СОВЕТ ЌЕ ЈА ДОБИЈАТ Д-Р ПЕРО ПЕЊУШКОВ ЗА ПРИДОНЕС ВО КУЛТУРАТА, ПЕРО АНГЕЛОВ ВО ОБЛАСТА НА СПОРТОТ И ПРОФ. Д-Р ДИМИТАР АНГЕЛКОВ ВО ОБЛАСТА НА ИНОВАТИВНОТО ТВОРЕШТВО





ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР 2023!

ДАЛИ СТЕ ПОДГОТВЕНИ?
КРАЛОТ И КРАЛИЦАТА ВЕ ПОКАНУВААТ ВО УБАВОТО КАВАДАРЦИ!
СО ЧАША УБАВО ВИНО И МНОГУ НАСМЕВКИ НИЗ УЛИЦИТЕ, ВЕСЕЛА МУЗИКА И ВКУСНА ХРАНА.
УШТЕ САМО 8 ДЕНА НЕ ДЕЛАТ ОД ПОЧЕТОКОТ НА ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР 2023 ГОДИНА И ТРАДИЦИОНАЛНИОТ ТИКВЕШКИ КАРНЕВАЛ!

ПОВЕЛЕТЕ НА ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР 2023!
ВО ГОСТОПРИМЛИВИОТ ГРАД КАВАДАРЦИ, ГРАДОТ НА ВИНОТО И РАКИЈАТА!
ЗА ЗАЕДНО ДА ИСПИШЕМЕ УШТЕ ЕДНА ПРИКАЗНА ПОД ОТВОРЕНО НЕБО.




Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Лилјана Митрова

**Печати:** печатница Графо Пром Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 300 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
kavadarci.gov.mk